за култура на Македонија и на



## БИШКУПИЌ ЗА "МАКЕДОНИЈА ДЕНЕС"

# Соработка што ќе се интензивира

Министерот за култура на Република Хрватска, **Божо Бишкупиќ** изрази видно задоволство од скопската поставовка на изложбата на Петлевски, што летово беше отворена во Загреб.

"Оваа изложба е пример на тоа заедништво бидејќи ја организираа двете министерства, како почит кон великанот, големиот хрватски уметник кому Република Македонија му е татковина, но кој со целото свое битие му припаѓа на хрватскиот ликовен опус на оваа столетие, каде му є местото и каде ќе остане, забележан во сите хрватски ёнциклопедии", изјави Бишкупиќ за "Македонија денес". "Изложбата го покажа тоа заедништво во културната соработка меѓу Македонија и Хрватска на најдобар можен начин. На отворањето на изложбата на Петлевски во Загреб дојдоа 2000 посетители. Колку што можев да забележам и на отворањето во Скопје имаше огромна посетеност: многу стручњаци, негови колеги, уметници, критичари... и многу сум задоволен што е така".

За разговорите околу културната соработка меѓу двете држави, реализирани со министерот за култура, Димитар Димитров, Бишкупиќ вели: "Мислам дека благодарение на министерот Димитров ја засиливме соработката, дека ја поставивме во еден след што гарантира дека таа и во иднина ќе се интензивира. Не сум сосема задоволен, зашто посакувам таа да биде уште поинтензивна и подобра.

Разговорите што ги водевме со министерот Димитров се однесуваа на заедничките настапи во големите меѓународни тела, како што е Советот на Европа, на пример, каде ќе се обидеме заеднички да го искористиме тоа што е најдобро и најзначајно за нашите народи, т.е. да се поддржиме едни со други при нашите настапи и барања. Познат факт е дека историски односот меѓу македонскиот и хрватскиот народ бил секогаш добар, што еве се случува и денеска".

Ј.**Ф.**